'Youth in Action' Programme

Education and Culture DG

Youth

ИМКА БИТОЛА

ИМКА Битола е акредитирана организација за праќање, прифаќање и координирање на проекти финансирани од Европската Комисија, Европскиот Волонтерски Сервис (ЕВС), Реф.Бр. 2010-SI-36.

**Што е ЕВС и како функционира?**

Европскиот Волонтерски Сервис (ЕВС) како дел од програмата „Млади во Акција“ (2007-2013) од Европската Унија, има за цел да ги поддржи младите луѓе и нивното учевство во различни видови непрофитни и волонтерски активности во странство.

Европскиот Волонтерски Сервис (ЕВС) е одлична можност за вас да се здобиете со работно искуство во некоја од Европските држави, да запознаете нови пријатели, стекнете нови способности и придонесете за развој на локалните заедници. Да се биде волонтер во друга земја значи работење на интересен проект по ваш избор при што нема да примате плата, но ќе ви биде обезбеден месечен надомест кој ги покрива сите ваши трошоци за живеење.

Трошоците за сместување, храна, интернационален и локален превоз поврзани со вашиот проект, здравствено осигурување и џепарлак се покриваат од страна на програмата „Младите во Акција“ од Европската Комисија. Исто така добивате и бесплатен јазичен курс кој ќе ви помогне да работите и живеете во државата која сте ја избрале како дестинација.

Траење на проектите:

- 2 до 12 месеци индивидуална ЕВС активност или
- 2 седмици до 12 месеци групна ЕВС активност, групи од 2-30 волонтери
- 2 седмици до 2 месеци ЕВС активност за краток период наменета за млади луѓе кои се соочуваат со одредени пречки и тешкотии.

Имате можност да работите на различни полиња: уметност и култура, спорт, социјална работа, здравствена заштита, животна средина, итн. Така што можете да одберете проект кој најблиску се совпаѓа со вашите интереси.

**Кој може да учествува?**

Програмата е наменета за СИТЕ млади луѓе од Европа на возраст од 18-30 години без разлика на нивната културна, социјална, образовна или економска позадина. ЕВС е искуство кое се случува еднаш во животот - волонтерот може да учествуваа само во една ЕВС активност. Сепак, исклучок може да се направи во случаи на волонтери со помали можности кои може да земат учество во повеќе од една ЕВС активност, под

услов вкупното времетраење на периодите на волонтирање да не е подолго од 12 месеци.

**Зошто да станете волонтер?**

Поради многу причини! Прво, ова е можност да патувате во светот, да запознаете нова култура и да научите или совладате нов јазик.

Исто така е добро за збогатување на вашето резиме (CV). ЕВС ви нуди вистинска можност да стекнете работно искуство во област која самите сте ја одбрале за вашиот проект (уметност и култура, спорт, социјална работа, здравствена заштита, животна средина, итн.), која може да ви обезбеди додадена вредност подоцна на пазарот на труд. Со ЕВС исто така можете да ја откриете вашата идна струка!

Ова е уникатна можност за запознавање на нови и интернационални пријатели и да ја проширите вашата мрежа на социјални контакти за идни можности. Ќе имате можност да придонесете за развојот на вашата заедница, да бидете млад амбасадор на Македонија во другите земји и да им овозможите на другите луѓе да дознаат повеќе за вашата култура додека вие се запознавате со нивната. И секако, ЕВС ве тера да се развивате! Со живеење во друга земја, во нова средина која претставува предизвик, вие ги развивате вашите вештини за донесување одлуки, станувајќи независен и активен граѓанин.

Некои од типичните придобивки на младите со учевство во ЕВС:

- Зголемена самодоверба
- Чувство на независност и самоиницијатива
- Компетентност во странски јазици
- Комуникациски вештини
- Способност за управување со проекти
- Интеркултурено чувство и свесност
- Способност за тимска работа
- Воспоставување на мрежи и партнерства
- Зголемено работно искуство

**Што треба да направам за да станам волонтер во странство?**

Во врска со испраќање ЕВС волонтери, ИМКА Битола ги предлага следниве чекори за вклучување во ЕВС програмата за волонтери од Македонија кои сакаат да волонтираат во странство:

*1. Контактирајте ја ИМКА Битола*
Добредојдени сте да не контактирате на evs@ymcabitola.org.mk ако размислувате за можноста да бидете волонтер во странство. Со задоволство ќе ви помогнеме при наоѓање на проект, објаснување како функционира ЕВС програмата, да ви одговориме на сите ваши прашања и преземање на одговорноста да бидеме вашата организација - испраќач.

*2. Наоѓање на организација - домаќин*
Можете да пристапите во базата и да барате проект кој ќе одговара на вашите интереси:
http://ec.europa.eu/youth/evs/aod/hei_en.cfm

или пребарување на слободни ЕВС позиции преку младинската мрежа:
http://www.youthnetworks.eu/

Ако не можете да најдете проект сами, можеме да почнеме заеднички да работиме на пронаоѓање на партнер организација. Запомнете дека средувањето на сите формалности може да потрае и неколку месеци, така што ако сакате да бидете ЕВС волонтер контактирајте нѐ однапред.

*3. Пополнување на апликација*
Кога сите три партнери (вие, ИМКА Битола и организацијата - домаќин) сте се согласиле околу позицијата и се разјаснети сите детали, ИМКА Битола и организацијата - домаќин ќе ја доставaт вашата апликација до Европска Комисија или соодветната Национална Агенција. Доколку вашата апликација е прифатена, ќе ви биде одобрен грант кој ќе ги покрие сите ваши трошоци како што се: за патување, здравствено осигурување, храна и сместување, обука и џепарлак. Исто така добро е да знаете дека кога аплицирате за ЕВС ништо не се плаќа! Нема да примате плата, но ќе примате парични средства со кои ќе бидат покриени вашите основни потреби пр.125еу/месец за Франција.

*4. Учество на обуки*
Учеството на обука за ЕВС волонтери пред заминување во ИМКА Битола е задолжително.

**ЕВС не е...**

- Повремено и неорганизирано волонтирање на скратено време
- Стажирање во компанија
- Платена работа и не смее да е замена за платени работни места
- Рекреација или туризам
- Јазичен курс
- Експлоатација на евтина работна рака
- Период на студии или стручна обука во странство

ЕВС не е финансиски, туку квалитетен модел за транснационален волонтерски сервис.

***Со ЕВС имате можност да ја видите Европа како никогаш претходно! Користете ги вашите шанси!***

**Како се одвива процесот?**

- Градењето на партнерство е првата фаза, процес кој може да трае неколку месеци вклучувајќи време потребно за барање на партнерски организации – домаќин / испраќач и волонтери, исто така и воспоставување на функционални односи помеѓу вклучените во проектот. Тоа е времето за усогласување околу деталите поврзани со ЕВС проектот, одредување на крајниот рок за аплицирање и одредувањето на местото за аплицирање. Формуларот за аплицирање се подготвува исто така во овој период. При испраќање волонтери во странство или пак примање на странски волонтери, ИМКА Битола најчесто врши селекција на волонтери, вообичаено пред да се аплицира за проект, но во исклучителни случаи тоа е можно да се направи и потоа. Договорот може да биде подготвен, потпишан и поднесен пред или после пополнување на формуларот за аплицирање.

- Проектната апликацијата може да се испрати до Извршната Агенција во Брисел (ако ИМКА Битола е во улога на организација - координатор), или во Национална Агенција (ако апликацијата е од организацијата од странство). Има три рокови годишно на располагање за аплицирање во извршната агенција (1ви Февруари, 1ви Јуни и 1ви Септември), и два други додатни рокови за аплицирање во Национална Агенција (1ви Април и 1ви Ноември). Вообичаено сето ова трае од 2 до 4 месеци за да се добијат резултатите и да дознаете дали вашиот проект е одобрен.

- Откако проектот е одобрен, апликантот (организацијата - координатор) добива договор кој треба да го потпише. По потпишувањето на договорот Извршната Агенција или Националната Агенција испраќаат претходно исплаќање за проектот, кое изнесува 70-80% од вкупниот грант.

- ЕВС проектот започнува. Почетна дата на проектот се смета онаа кога се прават првите трошоци поврзани со проектот како што е назначено во проектната апликација.

- ЕВС активностите започнуваат. Волонтерот се уште не ја напуштил Македонија - ЕВС сервисот е само еден дел од ЕВС активностите. Обуката за ЕВС волонтери пред заминување се одржува во Македонија. Во овој период, ИМКА Битола обезбедува дополнителни подготовки на волонтерот за проектот.

- ЕВС волонтерот пристигнува во земјата домаќин и ЕВС сервисот започнува.

- За време на ЕВС сервисот, проектните активности се спроведуваат. Почетната и среднорочната обука за текот на проектот се одржуваат во земјата - домаќин. ЕВС сервисот завршува по истекот на периодот наведен во апликацијата (2 седмици до 12 месеци). Потоа волонтерот ја напушта земјата домаќин.

- Волонтерот во Македонија ќе има средба за анализирање на постигнатото. Организацијата - испраќач нуди поддршка на волонтерите по нивното враќање во Македонија.

- Конечниот извештај за ЕВС проект треба да се достави најдоцна два месеци по завршување на проектот. Сите партнери вклучени во проектот треба да доставaт краен извештај.